РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
Примено: 07.12.2021
Орг. единица 0801 Број 701
Прилог Вредност

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
Бр.-Nr. 08-637/16
02.12. 2021 год.
Скопје - Shkup

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА КВАЛИТЕТ ВО ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ
ОДБОР ЗА АКРЕДИТАЦИЈА НА ВИСОКОТО ОБРАЗОВАНИЕ

REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
AGJENCIA PËR CILËSI NË ARSIMIN E LARTË
BORDI PËR AKREDITIM I ARSIMIT TË LARTË

Врз основа на член 48 став (2) точка 6, член 145 став (2) и член 227 од Законот за високото образование* („Службен весник на Република Македонија" бр. 82/18), Одборот за акредитација на високото образование на Република Северна Македонија, на својата 23 седница одржана на 19.10.2021 година, донесе

# РЕШЕНИЕ

**за акредитација на студиската програма „Компјутерски науки и инженерство“, трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет „ Гоце Делчев“, Штип**

1. Се акредитира студиската програма „ Компјутерски науки и инженерство “, трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет„ Гоце Делчев“, Штип, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија“ бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија“ бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација (дадена како Прилог 1 на наведената Уредба).

2. Акредитација за студиската програма од точка 1 на ова решение е за период од пет студиски години, почнувајќи од студиската 2021/2022 година.

3. По завршување на студиите на студиската програма од точка 1 од ова решение, студентот се стекнува со 180 ЕКТС кредити и се стекнува со академски назив: Доктор по компјутерски науки, VIII според НРВК /во меѓународен промет академски студии назив: PhD in computer science, NQF VIII.

4. Научно - истражувачко подрачје: 1 Природно - математички науки, 2 Техничко-технолошки науки

Научно – истражувачко поле: 110 Иинформатика, 212 Компјутерска техника и информатика

Научно – истражувачка област: 11000 информатика 11002 информациони системи и програмирање 11003 програмски јазици и системи 11004 нумеричка анализа 11005 вештачка интелегенција 11007 алгоритми 11008 оптимизација 11009 симулација 11010 развивање софтвер и бази на податоци, 21201 програмски јазици и технологии 21202 информациони системи и мрежи 21203 бази на податоци 21204 обработка на инофмрации 21205 ветачка интелегенција и системи 21206 процесирање податоци

5. Акредитирани ментори за докторски студии на студиската програма се: проф. д-р Сашо Коцески, проф д-р Цвета Мартиновска Банде, проф. д-р Александра Милева, проф. д-р Владо Гичев, проф. д-р Зоран Здравев, проф. д-р Татјана Атанасова Пачемска, проф. д-р Наташа Коцеска, вон. проф. д-р Мартин Лукаревски, вон. проф. д-р Наташа Стојковиќ, вон. проф. д-р Доне Стојанов.

6. Менторот на докторски студии од точка 1 на ова решение може истовремено да биде ментор на најмногу три докторанти кои кај него ќе се обучуваат за научна работа и за изработка на докторски труд.

7. Ова решение е конечно и влегува во сила со денот на донесувањето.

**О б р а з л о ж е н и е**

По предходно донесената одлука бр. 0201-451/28 од 01.07.2021 година од страна Сенатот на универзитетот, за усвојување на студиската програма „ Компјутерски науки и инженерство",трет циклус на докторски академски студии (180 ЕКТС), на Факултет за информатика при Универзитет„ Гоце Делчев", Штип, до Одборот за акредитација на високото образование, достави барање бр.08 - 637/1 од 16.07.2021 година за прифаќање на елаборат, односно за акредитација на предметната студиска програма.

Одборот за акредитација на високото образование, на 21-та седницата одржана на 09.09.2021 година, формира стручна комисија за разгледување на барањето за акредитација со придружната документација и подготвување на извештај по однос на барањето и документацијата.

Врз основа на позитивната оценка содржана во извештајот на стручната комисија, бр.08 - 637/5 од 10.11.2021 година, согласно Законот за високо образование* („Службен весник на Република Македонија" бр.82/18), Уредбата за нормативите и стандардите за основање на високообразовни установи и за вршење високообразовна дејност („Службен весник на Република Македонија" бр.103/10, 168/10 и 10/11) и Класификацијата на научно-истражувачки подрачја, полиња и области според Меѓународната фраскатиева класификација и Правилникот за организацијата, работата, начинот на одлучување, методологијата за акредитација и евалуација, стандардите за акредитација и евалуација, како и други прашања во врска со работата на Одборот за акредитација и евалуација на високото образование („Службен весник на Република Македонија" бр.151/12), Одборот за акредитација на високото образование, на својата 23-та седница одржана на 19.10.2021 година, одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**Правна поука:** Решението за акредитација на студиска програма е конечно и против него може да се поднесе тужба до Управниот суд.

Претседател
на Одборот за акредитација на високото образование

Академик Владо Камбовски